Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------------------------------, на продолжението на 39-тата седница одржано на 19.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител – ----------------------------------------------, на ден 01.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-3364/1 од 01.07.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости сторени при јавна набавка на месо од страна на -------------------------------------------------------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот поради тоа што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-3364/1 од 01.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3364/1 од 01.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ----------------------------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости сторени при јавна набавка на месо од страна на -------------------------------------------. Согласно наводите од пријавата, постапката за јавна набавка на месо објавена под број 00649/2019 завршила со донесување на одлука за поништување. При објавувањето на нов оглас за истиот вид на набавка биле побарани дополнителни – различни услови од претходниот оглас, односно во делот на техничка или професионална способност е побарано економскиот оператор да поседува продажен простор на територија на општина ----------- заради сукцесивна секојдневна набавка на потрошните материјали. Во пријавата се искажува сомневање дека

понудувач е склучен договор. Видно од приложената документација, како и од увидот на веб страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки, нема вложена жалба и за оваа постапка.

Во однос на наводите од пријавата дека при објавувањето на нов оглас за истиот вид на набавка биле побарани дополнителни – различни услови од претходниот оглас, ------------------------------------- известува дека во текот на 2018 година од тогаш избраниот понудувач, при приемот на испораката констатирано е дека месото е испратено по такси служба, што е спротивно со HACCP стандардите и склучениот договор со договорниот орган, за што се составени известување и записник доставени во прилог. Од причина што договорниот орган работи со сензитивна категорија на деца (ученици) и надворешни гости, стандардите и доставувањето на храната мора да бидат на што е можно повисоко ниво и поради тоа се надополнети барањата во тендерската документација кои гарантираат квалитет и квантитет, како и навремено доставување и услуга.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk